**ОГЛАС**

Датум на објава: 27.04.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Ковид 19 и гласот на жената од руралната средина ", објавува оглас за избор на **1 психолог** за изработка на психолошки совети кои што ќе им помогнат на жените полесно да се справат со предизвиците и кризата Ковид 19 согласно целите и потребите на проектот.

Имено, во рамките на проектот предвидено е да се зголеми информираноста на пошироката јавност за животот на жената во руралната средина, но во исто време и да им се помогне на овие жени во справувањето со предизвиците кои што со себе ги донесе кризата предизвикана од вирусот Ковид 19 преку давањето на совети како да се справат со притисоците кои што ги чувствуваат, како полесно да ги извршуваат секојдневните обврски итн., но во исто време советите да бидат изготвени на лесно разбирлив начин затоа што ќе треба од страна на самите жени потоа да бидат пренесувани низ видео пораки кои што исто така се дел од предвидените активности во рамките на проекотот, а во насока на ублажување на продлабочувањето на родовиот јаз во руралните средини.

Психологот треба да доаѓа од подрачјето на општина Куманово затоа што се подржуваат локалните соработници во општината поради погоденоста на истата од кризата, а дополнително треба да ги исполнува следниве критериуми:

- Да има завршени студии по психологија;
- Работното искуство како и познавањето на работењето на граѓанските организации ќе се смета за предност;
- Да биде достапен во периодот на месец мај и јуни кога и треба да се изработи сторијата и видео пораката во рамките на проектот

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

1.1. ***Изработена листа на совети наменети за жени од рурални средини за нивно полесно справување со предизвиците и последиците предизвикани од кризата Ковид 19***

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да доставаат професионална биографија (CV) најдоцна до **04 мај 2020 година во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*Проектот* "Ковид 19 и гласот на жената од руралната средина" *е финансиски поддржан во рамките на програмата на Цивика Мобилитас.*

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА - Куманово
✉ село Режановце, 1300 Куманово, и ул. Орце Николов 29/6, 1000 Скопје
◇ ☎ 078 303-735; e-mail: rkoalicija@gmail.com; web: www.rural.mk ◇